Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 18.11.2021

Денеска (18.11.2021) во 01.05 часот на Банишко поле, во близина на граничната линија со Република Албанија, во атар на село Аме, дебарско, полициски службеници од Полициската станица за гранични проверки и граничен надзор „Блато", Регионален центар Запад пронашле 10 (десет) големи најлонски пакувања со марихуана. Извршен бил увид и било констатирано дека во пакувањата има марихуана со вкупна тежина од околу 200 килограми со вредност од над 500.000 евра. За настанот бил известен Јавен обвинител и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.11.2021 во 15.50 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Х.С.(28) од Скопје. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени поголемо количество марихуана, две дигитални ваги со остатоци од марихуана, пиштол „чешка збројеѓа" и рамка за пиштолот калибар 6,35мм, 25 куршуми и поголем број на банкноти во разни апени. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.11.2021 во 13.00 кај место викано „Алтанин мост" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода А.Б.(29) од Охрид. При контрола на патничко возило, во кое се превезувал, кај него била пронајдена и одземена марихуана. Додека, при претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени 14 фили со семки од растенето канабис. По целосно документирање на случајот против него СВР Охрид ќе поднесе соодветна пријава.

На 17.11.2021 околу 19.00 часот на ул.„Стрчин" во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода А.Л.(19) од Битола, затоа што кај него биле пронајдени и одземени хероин и амфетамин. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.11.2021 во 14.30 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.Б.(43) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 17.11.2021 во 12.30 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.
На 17.11.2021 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 44 прекршоци, од кои 30 надвор од населено место и 14 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Истиот ден, во периодот од 08.00 до 11.00 часот на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои вршат непропишно престигнување. За време на контролата биле констатирани 8 прекршоци. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 39 други видови прекршоци.

На 17.11.2021 во периодот од 08 до 11.00 часот на подрачјето на СВР Охрид биле спроведени акциски соработкајни контроли при што полициските службеници затекнале и санкционирале 30 возачи на моторни возила кои извршиле непропишно престигнување (Охрид-15, Струга-04, Кичево-03, Дебар-08). Во Кичево, полициските службеници евидентирале 4 возачи на моторни возила, кои надвор од населено место управувале со поголема брзина на движење од дозволената, а во Струга со специјално возило „пајак" подигнати се 6 патнички возила кои биле непропишно оставени на коловоз.

На 17.11.2021 околу 20.55 часот во СВР Штип било пријавено дека на автопат Миладиновци – Штип, во близина на населба „Три чешми", М.К.(52) од Куманово, кој управувал патничко возило „опел астра", со кумановски регистарски ознаки, изгубил контрола и удрил во работна машина паркирана надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот М.К., а со телесни повреди се здобил сопатникот бил Г.Г.(54) од Куманово, констатирани во Клиничка болница Штип. Увид на местото извршила екипа од СВР Штип.

На 17.11.2021 во 18.10 часот во СВР Скопје, Л.К.(70) од с.Иниково, скопско, пријавил дека во нас.Хиподром бил каснат од куче скитник.

На 17.11.2021 во 16.40 часот во СВР Тетово било пријавено дека на регионален пат Тетово – Пирок, во близина на бензинска пумпа кај с.Калник, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел", со тетовски регистарски ознаки, управувано од А.И.(42) од с.Долно Седларце, општина Брвеница и трактор „ИМТ 539", со приколка без регистарски ознаки, управуван од М.М.(39) од с.Горно Палчиште. Во несреќата возачот на патничкото возило А.И. се здобил со тешки телесни повреди, додека возачот на тракторот и неговиот сопатник Н.Б.(57) од Тетово се здобиле со телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Тетово. Увид на местото извршила екипа од СВР Тетово.

Во текот на изминатото денонокиве (17.11/18.11.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 22 прекршоци.

На 17.11.2021 во 10.50 часот во СВР Скопје, В.А.(41) од Скопје пријавил дека на ул. „Скоевска" бил каснат од куче скитник.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против М.М.(31) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „присвојување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости". На 06.08.2020 на социјалната мрежа „Фејсбук", М.М објавил оглас за продажба на амфора со висина од 1 метар и ширина 80 сантиметри за сума од 20.000 денари. На 02.11.2020, при извршен претрес, полициски службеници ја пронашле и одзеле. Приведениот, амфората ја ископал од археолошко наоѓалиште и ја присвоил со намера да ја продаде и да се стекне со противправна имотна корист, знаејќи дека се работи за културно-историско наследство.

На 17.11.2021 во 18.00 часот во с.Десово, општина Долнени, полициски службеници од Полициското одделение Ропотово го лишиле од слобода Х.Ш.(53) од с.Десово, затоа што им се заканил со пиштол на Е.П. и Е.П., двајцата од с.Десово. Тој бил приведен во полициска станица, а пиштолот бил пронајден и одземен. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.11.2021 во 09.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје го пронашле С.Д.(20) од с.Идризово, скопско, за кого на 15.11.2021 беше пријавено дека се одалечил од семејниот дом.

На 17.11.2021 во 11.30 часот во СВР Скопје, Д.Ѓ.(34) од с.Зелениково, скопско, пријавил дека околу 10.10 часот во Казнено-поправната установа Идризово, додека бил на работното место, кај осуденикот А.Д.(28) пронашол прашкаста материја, по што друг осуденик Б.Н.(39), обидувајќи се да му ја одземе, физички го нападнал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.11.2021 околу 22.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во СОС Детско село била донесена Т.К.(16) од Скопје, за која на 16.11.2021 беше пријавено дека се оддалечила од домот.

На 17.11.2021 во 16.35 часот во Полициската станица Крушево, И.И.(34) од с.Алданци, крушевско, пријавил дека околу 16.00 часот во шума на место викано „Воденица", во близина на Крушево, се сопнал и паднал, при што неговиот револвер „Црвена застава", кој го поседувал со дозвола, испукал и го погодил воногата. Тој бил пренесен во болницата во Прилеп, каде му била констатирана тешка телесна повреда. Увид на местото извршиле екипи од ОВР Прилеп и ОВР Крушево, а револверот и чаурата биле подигнати за понатамошна постапка. За настанот бил известен Јавен обвинител.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Г.Ф.(30) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 06/07.10.2021, полициски службеници извршиле претрес на нива, која пријавениот ја користел без знаење на сопственикот, и на истата направил импровизиран бункер, при што биле пронајдени и одземени еден килограм и 19,55 грама марихуана, амфетамин, кокаин и две ваги со остатоци од марихуана, амфетамин и кокаин.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ф.Н.(26) од с.Горјане, општина Врапчиште, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 23.08.2021, по вербална расправија, пријавениот физички го нападнал Д.Ј.Г.(48).

СВР Куманово поднесе кривична пријава против М.С.(34) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 11.05.2021, полициски службеници извршиле преглед кај пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крушево поднесе Посебен извештај против А.И.(21) од с.Пресил, крушевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи" и „неовластено ловење, чување и отуѓување диви животни и птици". На 12.10.2020, по пријава за извршена акциска контрола од страна на ОВР Крушево, пријавениот бил затекнат со ловечка пушка ИЖ -27 ЕМ калибар 12 мм, сопственост на неговиот татко, за која не поседувал дозвола.

На 17.11.2021 во 21.00 часот во СВР Битола, Е.Р. од Битола пријавил дека околу 20.40 часот на ул.„Карпош" неговиот малолетен син бил физички нападнат од неколку малолетни лица. Се работи на расчистување на случајот.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против К.С.(67) од струшко село Октиси, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „уништување на изборен материјал". Тој, на 17.10.2021 околу 14.00 часот, за време на одржување на „Локални избори 2021", откако го остварил своето гласачко право на избирачко место во селото, го искинал гласачкото лиќе и го фрлил до гласачката кутија.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против О.А.(35) од Радовиш, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа" и „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 09.11.2021 на граничен премин Табановце, О.А. приложил лажни ПЦР тестови за него и неговите три малолетни деца.

На 17.11.2021 во 14.40 часот во СВР Скопје, Д.Ј.(26) од с.Прапеник, дебарско, пријавил дека се оддалечила неговата сестра А.Ј.(29) од с.Прапеник. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 17.11.2021 во парк во Валандово, полициски службеници од Полициска станица Валандово го лишиле од слобода Љ.Б.(46) од с.Костурино, затоа што околу 19.05 часот агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија, при што физички нападнал еден од нив. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против Џ.Д.(46) од с.Дебреште, општина Долнени, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „лажно пријавување". На 15.07.2020, пријавениот лажно пријавил дека полициски службеник, кој го обезбедувал избирачкото место во основното училиште „Али Фетих Даутоски" во с. Дебреште, го нарушувал изборниот молк со тоа што на ѓаѓаните им кажувал за кого да гласаат. По преземени мерки било утврдено дека случајот е лажно пријавен.

На 17.11.2021 во 16.30 часот во СВР Куманово било пријавено дека во болницата во Куманово со повреди од остар предмет бил однесен малолетник од Куманово. По преземени мерки било утврдено дека тој бил повреден во средно училиште од малолетна ученичка во училиштето. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против М.Р(25) од кичевско село Колари, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". При контрола извршена на 15.08.2021, полициските службеници не го пронашле пријавениот во неговиот дом, со што постапил спротивно на решението за задолжителна изолација издадено од Државниот санитарен и здравствен инспекторат и на законските прописи за заштита на населението од Ковид-19.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против Ф.А.(24) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 14.11.2020 на ул.„Кузман Јосифоски" во Прилеп, по вербална расправија, пријавениот физички го нападнал М.М.(34) од Прилеп, нанесувајќи му тешки телесни повреди.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@mvl.gov.mk

Изработено од Унет